**ЗАПИСНИК**
**од 55-та седница на Советот**
**одржана на 23.11.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Борис Арсов, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Алма Машовиќ, Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Методија Јанчески (службен пат).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Владимир Ѓорѓиески, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Максим Ристески од Капитал, Соња Казиовска од Дневник, Сања Јовановиќ од ТВ Телма.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 55-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. Во однос на дневниот ред, предложи точката 3 "Нацрт-програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2013 година" да се одложи за наредната седница бидејќи Раководителот на Стручната служба и Раководителот на Секретаријатот на Советот, кои треба да ја образложат Нацрт-програмата, се оправдано отсутни. На место на горенаведената точка, предложи Точка 3 да биде "Информацијата за неизвршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје". Предлогот, со 13 гласа „за" беше едногласно усвоен. (членот на Советот, Столе Наумов беше отсутен за време на гласањето).

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 14 гласа „за" , едногласно го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 50-та седница на Советот, одржана на 02.11.2012 година.
2. Усвојување на Записникот од 51-та седница на Советот, одржана на 08.11.2012 година.
3. Информација за неизвршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје
4. Информација за ТРД Еко-проект ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланака со Предлог-Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ДПТУ „ЕКО - ПРОЕКТ" ДООЕЛ експорт – импорт Крива Паланка.
5. Информација за ТРД Новател-плус ДООЕЛ Прилеп со Предлог-Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ТРД „НОВАТЕЛ - ПЛУС" ДООЕЛ Прилеп.
6. Информација во врска со поведената претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над Трговското радиодифузно друштво "ПИНК МАК" ДООЕЛ Скопје.
7. Нацрт - Прирачник за изрекување и извршување на мерки кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрекува на радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи.

8. Нацрт - Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам (Внатрешен плурализам).

9. Нацрт - Прирачник за создавање на пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција.

10. Информација во врска со доставените Договори за регулирани авторски права од страна на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај и ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

11. Разно.

**Точка 1**

Советот га разгледа Записникот од 50-та седница на Советот, одржана на 02.11.2012 година.

Советот со 13 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот Антонио Јовановски, го усвои Записникот од 50-та седница на Советот, одржана на 02.11.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Записникот од 51-та седница на Советот, одржана на 08.11.2012 година.

Заменикот на Претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи, на страна 3 од наведениот Записник имаше техничка забелешка.

Советот, вклучувајќи ја и наведената забелешка, едногласно го усвои Записникот од 51-та седница на Советот, одржана на 08.11.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Информацијата за неизвршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, објасни дека наведениот радиодифузер во Советот на ден 01.10.2012 година доставил комплетно барање за одобрение за промена на сопственичката структура. Советот донел Одлука со која ја одобрил планираната промена на сопственичката структура и го задолжил радиодифузерот по извршувањето на промената на сопственичката структура, да достави актуелна тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија. Но, ТРД ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје не доставил тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија како доказ дека промената е реализирана. На 20.11.2012 година, беше извршена проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РМ, при што беше констатирано дека одобрената промена не е реализирана, односно дека физичкото лице Мартин Треневски од Скопје сеуште е основач на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје.

Согласно Информацијата за неизвршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје, Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предлог- заклучокот го стави на гласање.

Советот ја усвои Информацијата за неизвршена промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ од Скопје.

Советот, врз основа на член 63 став 1, алинеја 3, а согласно член 64 од Законот за радиодифузната дејност, едногласно одлучи да иницира постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ МАРТИН ДООЕЛ, бр.07-1969/1 од 18.06.2007, поради неотстранување на настанатите пречки за вршење радиодифузна дејност, односно поради непостапување по донесената Одлука (наш.бр.03-312 од 03.10.2012 година) за одобрување на планираната промена на сопственичката структура, со што радиодифузерот не го усогласи работењето со член 11, а во врска со член 18 од Законот за радиодифузната дејност.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да подготви допис до ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ МАРТИН ДООЕЛ, со кој ќе го извести дека е иницирана постапка за одземање на неговата дозвола за вршење радиодифузна дејност и дека треба во законски определениот рок да го усогласи своето работење со Законот за радиодифузната дејност.

**Точка 4**

Советот ја разгледа Информацијата за ТРД Еко-проект ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланака со Предлог-Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ДПТУ „ЕКО - ПРОЕКТ“ ДООЕЛ експорт – импорт Крива Паланка.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, побара објаснување од Секторот за правни работи и Секторот за економско-финансиски работи дали се сигурни дека наведениот радиодифузер нема финансиски обврски кон Советот за радиодифузија на РМ, односно зошто Советот не издава фактура за надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка, кога нему му е доделена дозвола за емитување и пренос на радио програмски сервис на локално ниво, музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик, со Одлука за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (радио) на локално ниво? Исто така запраша дали ТРД ЕКО-ПРОЕКТ во овој случај има или нема дозвола за вршење радиодифузна дејност, со оглед дека предлог-заклучокот е да му се одземе дозволата? Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече дека со оглед на фактот што Советот физички не му издал дозвола на ТРД ЕКО-ПРОЕКТ, во тој случај не може ни да ја одземе, и во таа насока предложи да се даде нова формулација, односно Советот да донесе Одлука за поништување на Одлуката за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност на наведениот радиодифузер. Во делот каде Секторот за економско-финансиски работи смета дека не треба Советот да му издаде фактура за периодот од кога му е доделена дозволата со Одлука, Претседателот рече дека во финансискиот дел може Советот да испадне контрадикторен спрема останатите радиодифузери кои се нашле во слична ситуација. Исто така запраша кој ќе ги подмири трошоците за одржување на седниците на Советот и расправање по оваа точка, документите кои беа потребни и се испечатени од Советот, објавување на одлуките во Службен Весник на РМ и останати трошоци? Исто така постави прашање зошто кога ТРД ЕКО-ПРОЕКТ не отпочнал со вршење радиодифузна дејност најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на доделувањето на дозволите односно за субјектот овој рок бил 18.04.2011 година, Советот не му ја одзел дозволата навремено, по истекување на законскот предвиден рок?

Раководителот на Секторот за правни работи објасни дека на ТРД Еко-проект ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланака со Одлука му е доделена дозвола но не му е физички издадена, со оглед дека услов пропишан со Закон, за издавање на дозволата за вршење радиодифузна дејност, покрај регистрацијата во Централниот регистар која ја има доставено Еко-проект, е и да се достави одобрение за користење радиофреквенции издадено од Агенцијата за електронски комуникации, кое не е доставено од страна на именуваниот радиодифузер. Од наведените причини радиодифузерот воопшто не започнал со вршење на радиодифузната дејност. Раководителот на Секторот за правни работи во однос на ТРД Еко-проект ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланака, рече дека според Закон, нејзиниот став е дека треба да се донесе Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност, а не Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност. Основ за Одлуката за одземање на дозволата е врз основа на член 63 став 1 алинеја 1 од Законот за радиодифузната дејност, затоа што ДПТУ "ЕКО-ПРОЕКТ" ДООЕЛ експорт-импорт од Крива Паланка не започнал со вршењето на радиодифузната дејност во утврдениот рок, односно 6 месеци по доделувањето на дозволата.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, во однос на ТРД ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка и дилемата околу одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност, рече дека се работи за две правни фази, односно првата фаза е дека на наведениот радиодифузер му е доделена дозволата со одлука од страна на Советот, но никогаш не му е издадена бидејќи не е исполнета втората фаза односно не ја донел потребната документација за дозволата да му биде врачена. Се согласува со предлогот на Претседателот на Советот, дека потребно е Советот да донесе Одлука за поништување на Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност на наведениот радиодифузер.

Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи во однос на начинот на пресметување на надоместокот за дозволата, рече дека радиодифузерот се фактурира од кога физички ќе му се издаде дозволата, односно кога претходно уредно ќе ја поднесе потребната документација која според Закон претставува услов за да му се издаде дозвола. Доколку физички му се издадеше дозволата, а тоа преставува услуга на која се пресметува ДДВ, во тој случај надоместокот ќе се пресметаше од денот на доделување на Дозволата. Во овој случај кога на ТРД ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка не му е издадена дозволата, значи субјектот не користел никаква услуга, врз која може да се пресмета и достави фактура.

Членот на Советот, м-р Васко Петревски рече дека во случајот со ТРД ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка постои Одлука за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност која физички не му е доделена. Бидејќи наведениот радиодифузер не ја примил дозволата, таа не може ни да му се одземе. Негов став е дека во овој случај е потребно Советот да донесе Одлука за поништување на одлуката за доделување на дозволата. Според него член 63 став 1 алинеја 1 од Законот за радиодифузната дејност не е основ за одземање на дозволата, затоа што тој гласи – Советот ја одзема дозволата во случаи кога: „имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата", односно радиодифузерот ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка ја нема примено дозволата во кој е наведен и утврден рокот.

Раководителот на Секторот за правни работи рече дека рокот е утврден во Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност, според кој трговските радиодифузни друштва мораат да отпочнат со вршење радиодифузна дејност најдоцна во рок од 6 (шест) месеци од денот на доделувањето на дозволите, односно за субјектот овој рок беше 18.04.2011 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, побара правно објаснување согласно законот, доколку на конкурсот му е доделена дозволата, што треба да стори радиодифузерот за таа да му биде издадена?

Раководителот на Секторот за правни работи објасни дека дозвола за вршење радиодифузна дејност за да биде издадена, субјектот се обврзува да донесе регистрацијата од Централниот регистар дека е регистриран како ТРД и да достави одобрение за користење радиофреквенции издадено од Агенцијата за електронски комуникаци. Законот за радиодифузна дејност не предвидува основ за поништување на Одлука за доделена дозвола.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, предложи точката да се одложи за наредната седница и за тоа време правно да се разјаснат сите дилеми поврзани со ТРД ЕКО-ПРОЕКТ ДООЕЛ експорт-импорт Крива Паланка.

Предлогот беше едногласно усвоен.

**Точка 5**

Советот ја разгледа предложената Информација за ТРД Нoвател-плус ДООЕЛ Прилеп со Предлог-Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ТРД „НОВАТЕЛ - ПЛУС“ ДООЕЛ Прилеп.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, согласно доставената информација, објасни дека Трговското радиодифузно друштво НОВАТЕЛ-ПЛУС ДООЕЛ Прилеп, не отпочнал со вршење на радиодифузната дејност, во утврдениот рок од 1 (една) година - 05.02.2011 година, од денот на доделувањето на дозволата за вршење радиодифузна дејност - 05.02.2010 година, за емитување и пренос на телевизиски програмски сервиси на локално ниво. Неотпочнувањето на дејноста од страна на Трговското радиодифузно друштво НОВАТЕЛ-ПЛУС ДООЕЛ Прилеп се потврдува и од фактот што ниеден од кабелските и други оператори на јавни комуникациски мрежи, што реемитуваат телевизиски програмски сервиси на подрачјето на Прилеп (КДС Кабелнет – Прилеп, Медиа енд брудбенд Близу – Скопје - Подружница Прилеп и Македонски телеком – АД – Скопје – Подружница Прилеп), како подрачје за кое е издадена дозволата за вршење на радиодифузна дејност, во својот програмски пакет го нема регистрирано телевизискиот програмски сервис на овој локален радиодифузер.

Според Секторот за економско-финансиски работи, Трговското радиодифузно друштво НОВАТЕЛ-ПЛУС ДООЕЛ Прилеп, нема финансиски обврски кон Советот за радиодифузија, бидејќи согласно издадената дозвола, надоместок за вршење на дејноста – пренос на програма преку јавна комуникациска мрежа се пресметува врз основа на изјава (заверена кај нотар) за бројот на претплатници во зоната на покривање.

Советот ја усвои предложената Информација за ТРД Нoвател-плус ДООЕЛ Прилеп со Предлог-Одлука за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на ТРД „НОВАТЕЛ-ПЛУС“ ДООЕЛ Прилеп.

Советот донесе едногласна одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ТРД „НОВАТЕЛ - ПЛУС“ ДООЕЛ Прилеп, бр.07-25 од 03.02.2011 година, доделена со Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија преку кабел) на локално ниво бр.07-42 од 09.02.2010 година („Службен весник на РМ” бр.18/2010) на Советот за радиодифузија на РМ.
Дозволата за вршење радиодифузна дејност, се одзема поради тоа што imателот на дозволата не започна со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата. Радиодифузерот нема долг кон Советот за радиодифузија на РМ.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја подготви Одлуката за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на ТРД „НОВАТЕЛ - ПЛУС“ ДООЕЛ Прилеп, бр.07-25 од 03.02.2011 година, доделена со Одлуката за доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност (телевизија преку кабел) на локално ниво бр.07-42 од 09.02.2010 година („Службен весник на РМ” бр.18/2010) на Советот за радиодифузија на РМ.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, горенаведената одлука да ја објави во "Службен весник на РМ“.

**Точка 6**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со поведената претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над Трговското радиодифузно друштво "ПИНК МАК" ДООЕЛ Скопје.

Раководителот на Секторот за правни работи објасни дека Советот за радиодифузија на Република Македонија на 27-та седница донел Одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност на Трговското радиодифузно друштво ,,ПИНК МАК’’ ДООЕЛ Скопје, поради неплаќање на надоместокот за дозволата во рок утврден во дозволата, во износ од 74.496,00 денари, која се однесува за периодот на работење од 29.05.2012 година заклучно со 09.07.2012 година.

Советот ја усвои Информацијата во врска поведената претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над Трговско радиодифузно друштво ,,ПИНК МАК” ДООЕЛ Скопје.

Советот одлучи Секторот за правни работи и понатаму да продолжи со континуирано следење на поведената претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над Трговско радиодифузно друштво ,,ПИНК МАК” ДООЕЛ Скопје, односно доколку стечајниот судија утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка и донесе Решение за отворање на стечајна постапка, по кое согласно член 69 од Законот за стечај (,,Сл.весник на РМ” бр.34/2006, 126/2012, 84/2007 и 47/2011), Советот за радиодифузија како доверител во рок од 30 дена од објавувањето на Решението во ‘’Службен весник на Република Македонија’, да го пријави своето побарување во износ од 74.496,00 денари кај стечајниот управник.

**Точка 7**

Советот го разгледа Нацрт – Прирачникот за изрекување и извршување на мерки кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрекува на радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското и сродните права ја објасни потребата од изготвување на Правилникот. Напомена дека Прирачникот претставува техничко помагало за Советот за радиодифузија на Република Македонија, радиодифузерите и операторите на јавните комуникациски мрежи, во поглед на изрекувањето и извршувањето на мерките. Неговата цел е да обезбеди насоки за успешна имплементација на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, а особено на член 11, член 17, член 38 и членовите од 109 до 113 од Законот. Прирачникот нуди насоки за Советот за поефикасна и поправична примена на наведените одредби од Законот за радиодифузната дејност, како и објаснување за радиодифузерите и операторите на јавните комуникациски мрежи да го разберат начинот на изрекување на мерките и критериумите по кои истите се изрекуваат. Соодветната примена на одредбите од Законот за радиодифузната дејност е од значење како за Советот за радиодифузија, така и за радиодифузерите и за

операторите на јавните комуникациски мрежи. Во него е содржано постапувањето во однос на член 11 од Законот за радиодифузната дејност, Постапување во однос на член 17 од Законот за радиодифузната дејност, Постапување во врска со мерките од член 38 од Законот за радиодифузната дејност и сл. Прирачникот ќе обезбеди поголема правна сигурност за радиодифузерите и за операторите и ќе ја зголеми нивната доверба во регулаторот и неговите одлуки.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека потребата од ваков вид на прирачник била неопходна бидејќи и Советот и радиодифузерите имале дилеми околу постапување и извршувањето на мерки изречени согласно одредени членови од Законот. Посебен акцент даде на извршувањето на мерката писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерите, за која рече дека треба да се извршува во посебен термин и објавувањето да биде со поголемо времетраење. Како пример наведе дека бил сведок на извршувањето на мерката од страна на еден медиум која траела речиси 1 секунда.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, предложи да се размисли дали е потребно да се вгради препораката од Брисел која гласи - санкциите би требало да бидат професионални и за нив да не се донесува одлука се додека радиодифузерот за кој станува збор не му се даде можност да биде ислушан. Се согласува дека оваа препорака треба да се примени за драстични мерки, но сепак предложи да се вгради со назнака дека ќе се користи за драстични прекршувања. Оваа препорака ќе зборува за Советот и за неговата сериозност.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека има правна дилема околу предлогот на членот на Советот, Сељадин Џезаири, односно во која фаза да се сослушаат радиодифузерите, дали од кога Советот ќе ги констатира прекршоците?

Членот на Советот, Столе Наумов рече дека препораката од ЕУ се однесува пред сé за некои покрупни прекршувања. Тоа доколку се вгради, може да ја олесни работата, но не значи дека ќе влијае на крајната одлука на Советот. Советот во пракса и претходно за големите прекршувања разговарал со радиодифузерот. Но, рече дека смета дека не треба за секое прекршување при извршен мониторинг да се викаат на разговор одговорните лица на радиодифузерот. Таа препорака ја разбира во ситуација кога Советот треба да изрече драстична мерка.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека не треба Советот сите препораки да ги имплементира во прирачниците и правилниците кои ќе ги донесе. Во најголемиот број земји немаат повеќе од 5-6 телевизии. Советот во Македонија треба да комуницира со над 217 радиодифузери во овој момент. Се согласува дека треба да се комуницира, но практично за секоја мерка е невозможно да се постигне разговорот со секој раздиодифузер поединечно.

Членот на Советот, м-р Алма Машовиќ, рече дека Советот за радиодифузија одлично си ја познава неговата работа што се покажало и во пракса. Смета дека за големи прекршувања, поведувањето на прекршочна постапка, се покажал како лекс специјалис. Во делот 4.6 Поведување прекршочна постапка од Прирачникот, Советот треба да има одврзани раце и да се најде подобра формулација, односно да можат да се поведуваат прекршочни постапки за тешки прекршувања.

Советот го усвои предложениот Нацрт-Прирачник за изрекување и извршување на мерки кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрекува на радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот го задолжи Секретаријатот на Советот Нацрт-Прирачникот за изрекување и извршување на мерки кои Советот за радиодифузија на РМ им ги изрекува на радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи да го достави до Сандра Башиќ - Хрватин, експерт на TAIEX. Исто така го задолжи и Секторот за европска и меѓународна

соработка и односи со јавноста, наведениот Нацрт-прирачник да го објави на Веб страницата на Советот.

Советот одлучи сите членови на Советот и сите заинтерсирани субјекти кои имаат забелешки во однос на содржината на горенаведениот Нацрт – Прирачник, да ги доставаат во електронска форма до Секторите одговорни за нивна изработка.

**Точка 8**

Советот го разгледа Нацрт - Прирачникот за оценување на медиумскиот плурализам (Внатрешен плурализам).

Раководителот на Секторот за програмски работи објасни дека целта на овој Прирачник е да ги нотира сите релевантни показатели за оценување на медиумскиот плурализам во Република Македонија. За неговата изработка се користени документот на ОФКОМ за „Мерење на медиумскиот плурализам“ и „Студијата за индикаторите“ на Европската Комисија. Прирачникот треба да му даде насоки на Советот за радиодифузија за тоа кои сé аспекти мора да ги има предвид при оценување на медиумскиот плурализам во државата. Релевантните показатели се групирани во 6 области и тоа: Оценување на плурализмот: аспекти и показатели, Показатели за оценување на основните предуслови, Показатели за оценување на плурализмот на медиумските видови и на жанровите, Показатели за оценување на политичкиот плурализам, Показатели за оценување на културниот плурализам, Показатели за оценување на географски плурализам.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи во делот шест од наведениот Нацрт-Прирачник, после став 11 да се додаде: „Постоење на транспарентни и јасни критериуми при распределба на средствата од јавните кампањи“.

Советот го усвои предложениот Нацрт-Прирачник за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам).

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот го задолжи Секретаријатот на Советот Нацрт-Прирачникот за оценување на медиумскиот плурализам (внатрешен плурализам) да го достави до Сандра Башиќ - Хрватин, експерт на TAIEX.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, наведениот Нацрт-Прирачник да го објави на Веб страницата на Советот.

Советот одлучи сите членови на Советот и сите заинтерсирани субјекти кои имаат забелешки во однос на содржината на горенаведениот Нацрт – Прирачник, да ги доставаат во електронска форма до Секторите одговорни за нивна изработка.

**Точка 9**

Советот го разгледа Нацрт - Прирачникот за создавање на пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција.

Вишиот соработник од Секторот за истражување и долгорочен развој објасни дека во членот 21 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, во кој е определена основната улога на Советот за радиодифузија, наведено е дека при остварувањето на своите законски надлежности Советот, покрај другото, се грижи и за „...економски и технолошки развој на дејноста“. Оваа задача на Советот е поврзана и со потребата да се обезбеди спроведување на основните цели на Законот за радиодифузната дејност меѓу кои и „унапредувањето и поттикнувањето на конкуренцијата и развој на радиодифузната дејност“ (член 2 став 1 алинеја 4 од Законот за радиодифузната дејност). Целта на овој прирачник е да се овозможи поефикасно спроведување на

законската регулатива насочена кон овозможување услови за слободна и фер конкуренција помеѓу субјектите на радиодифузната индустрија и развој на индустријата. Објасни дека наведениот Нацрт-Прирачник е составен од неколку делови како што се: Специфичност на радиодифузната индустрија, Дефинирање на пазарот на медиумите, Плурализам и контрола на сопственоста на медиумите, Нарушување на конкуренцијата преку забранети договори, одлуки и усогласено однесување, Примена на правилата за државна помош, Редовни активности на Советот во насока на заштита на конкуренцијата.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи во наведениот Нацрт-Прирачник, во делот шест, веднаш по претпоследниот пасус во продолжение да се додаде во текстот: „при тоа потребно е да се воспостават транспарентни и јасни критериуми за распределба на рекламите, земајќи ги предвид целните групи на кампањата, рејтингот на медиумите, довербата кај публиката и етничките и регионалните/локалните интереси“.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, рече дека се согласува со потребата и изработката на трите прирачници, кои преставуваат дополнителна помош за поефикасно и поефективно работење на Советот за радиодифузија, што ќе придонесе и за потранспарентно работење кон радиодифузерите. Единствено рече согласно членот 10 од Законот за контрола на државната помош, надлежен орган за оценка и надзор на секој облик на државна помош е Комисијата за заштита на конкуренцијата. Но бидејќи последните неколку години Советот има резерви во однос на рекламите кои одат од Владата на РМ и некои други дилеми кои треба да се елеминираат, смета дека треба тој дел да се допрецизира.

Советот го усвои предложениот Нацрт - Прирачник за создавање на пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот го задолжи Секретаријатот на Советот Нацрт - Прирачникот за создавање на пазарни услови за одржлив економски раст на медиумската индустрија и фер конкуренција да го достави до Сандра Башиќ - Хрватин, експерт на TAIEX.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, наведениот Нацрт-Прирачник да го објави на Веб страницата на Советот.

Советот одлучи сите членови на Советот и сите заинтерсирани субјекти кои имаат забелешки во однос на содржината на горенаведениот Нацрт – Прирачник, да ги доставаат во електронска форма до Секторите одговорни за нивна изработка.

**Точка 10**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со доставените Договори за регулирани авторски права од страна на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај и ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродни права, објасни дека Советот за радиодифузија, со барање бр. 03-5468/1 од 30.10.2012 година и ургенција бр. 03-5468/2 од 07.11.2012 година, од ТРД ТВ ЕДО - ДООЕЛ –с.Љубин, Сарај, побара документација за уредени авторски и сродни права за одреден број емитувани играни филмови. ТВ Едо доставил документација за наведените играни филмови која е сомнителна бидејќи се работи за договарање со фирма која е анонимус во оној дел што преставува дистрибуција на филмски наслови за подрачјето на југоисточна Европа, односно на Балканот. Според него сомнителен е и начинот на договарање, не е означен бројот на емитувања, не е означен лиценцен период, насловите не се рангирани според продукциска вредност, година на призводство, атрактивност и сл. туку едноставно за секој наслов стои по 100 eura по

игран филм. Поради сето наведено предложи во една постапка да се проверат околностите околу Договорите за регулирани авторски права од страна на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека е запознаен со проблемот околу авторските права на ТРД ТВ-ЕДО и за да се средат работите треба да биде вклучен и МВР, Државен пазарен инспекторат, застапниците за одредени филмови кој не се наведени. Во Законот за радиодифузната дејност рече дека јасно е наведено дека секој радиодифузер треба да ги почитува авторските права. Запраша дали Советот може некоја друга мерка да преземе или да биде доволно за почеток да се извести МВР, затоа што Советот нема можност да ги испитува околностите.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ рече дека станува збор за високобуџетни филмови, поради кои може и Советот да биде повикан на одговорност затоа што го дозволува ваквиот начин на работа на ТВ Едо. Рече дека се сеќава на периодот кога беше доделена дозволата на ТВ ЕДО, кога биле воодушевени што ќе се додели дозвола за вршење радиодифузна дејност на бошњачка телевизија. Но не помина долго време кога другите радиодифузери почнале да реагираат на начинот на работа на овој радиодифузер. Со начинот на ваквото работење ТВ Едо го напаѓа пазарот и угледот на самата држава. Поради сето тоа, тој предложи Советот да има поенергичен став во преземањето мерки.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, предложи пред да се преземат било какви мерки, да се покани одговорното лице на ТВ Едо на разговор во Советот и да му се предочи проблемот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски рече дека негов личен став е дека на други субјекти, оператори на јавни комуникациски мрежи, за само еден странски програмски сервис што нелегално го реемитува, МВР им поднесува кривични пријави, така што нема дилема дека треба да се извести Јавното обвинителство за да ги преземе соодветните активности и да ги утврди сомневањата кои ги наведе Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродни права. Јавното обвинителство има капацитет и можност тоа да го утврди.

Советот ја усвои Информацијата за регулираноста на авторските и сродните права за емитувана програма на ТРД ТВ ЕДО - ДООЕЛ –с.Љубин, Сарај, и ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ - Штип.

По дискусијата на членовите на Советот, со оглед дека има основ да се констатира дека се работи за основано сомнение за сторено кривично дело „Пиратерија на аудиовизуелно дело“ од член 157 – б став 1 од Кривичниот законик, од страна на одговорното лице, управителот Енес Бабачиќ од с.Љубин, Сарај, и сторено кривично дело „Пиратерија на аудиовизуелно дело“ од член 157 – б став 3 во врска со 1 од Кривичниот законик, од страна на правното лице, радиодифузерот ТРД ТВ ЕДО - ДООЕЛ –с.Љубин, Сарај, Советот за радиодифузија согласно овластувањето од член 37 став 1 точка 6 од Законот за радиодифузната дејност, едногласно одлучи да го информира Министерството за внатрешни работи на РМ за сознанијата до кои дојде.

Во однос на ТРД 24 ВЕСТИ - ДООЕЛ – Штип, Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродни права, рече дека Советот за радиодифузија достави барање и ургенција до комерцијалниот радиодифузер на државно ниво ТРД 24 ВЕСТИ - ДООЕЛ – Штип, со кои побара документација за уредени авторски и сродни права за емитувани емисии на Телевизија Дојче Веле од Сојузна Република Германија, со логото TW DW, на ден 27.10.2012 година. ТРД 24 Вести ја достави бараната документација, но не достави кај нотар заверен превод на договорот од 30.04.2012 година.

Во интерес на почитување на Одлуката за доставување на пропратна документација кон барањата и другите дописи упатени до Архивата на Советот за радиодифузија и Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи, Советот, едногласно со 12 гласа „за“ (Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи и членот на Советот, м-р Борис Арсов не беа присутни во текот на гласањето), одлучи да го задолжи ТРД 24 ВЕСТИ - ДООЕЛ – Штип во рок од 7 дена од приемот на дописот, да достави заверен кај нотар превод на договорот од 30.04.2012 година, склучен помеѓу ТЕЛЕВИЗИЈА ДОЈЧЕ ВЕЛЕ од Сојузна Република Германија и ТРД 24 ВЕСТИ - ДООЕЛ – Штип од Република Македонија.

**Точка 10**
**Разно**

- Советот едногласно го усвои предложениот Извештај за учеството на Работилница за функционери – Управување и развој, подготвен од Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски и Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи. (Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи беше отсутен за време на гласањето).

- Советот едногласно го усвои Барањето за одобрување парична помош бр.04-5875/1 од 15.11.2012 година, поднесено од Наташа Стојчевска, референт за финансии и сметководствени работи во Секторот за економско - финансиски работи.

Советот одлучи на работникот Наташа Стојчевска, референт за финансии и сметководствени работи во Секторот за економско - финансиски работи, да му се исплати парична помош за надомест на трошоците поврзани со смрт на член на неговото семејство - мајка, во висина од 2 (две) просечни плати односно во износ од 41.596,00 денари (нето износ). Средствата утврдени се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година

- Советот едногласно ја усвои Информацијата од работилницата за приватноста на јавните личности и слободниот пристап до информациите од јавен карактер, одржана на 9-ти и 10-ти октомври 2012-та година во хотел „Арка” во Скопје, подготвена од Ивона Муфишева - Алексовска, Виш соработник во Секторот за правни работи.

- Советот едногласно го усвои Извештајот од Јавните огласи за вработување во Советот за радиодифузија објавени во дневните весници „Дневник“ и „Коха“ на 13.10.2012 година и 19.10.2012 година.

Согласно одлуката на Советот за објавување оглас за вработување на Раководител на Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавност, 1 (еден) извршител, на неопределено време и “Соработник“ во Секторот за меѓународна и европска соработка и односи со јавноста во Советот, 1 (еден) извршител, на определено време, Комисијата за спроведување на наведените конкурси во состав: м-р Васко Петревски, претседател, Сељадин Џезаири – член и Лазо Петрушевски - член, поради тоа што не постигна согласност во однос на изборот на кандидатите кои ќе бидат повикани на разговор, одлучи:

- Да не повика ниту еден кандидат на разговор и предлага за наведените позиции од точка 2 на овој заклучок Советот за радиодифузија да не изврши избор.
- Советот да објави нов оглас за истите позиции, со тоа што вработувањата да се реализираат подоцна, од 01.01.2013 година.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги извести за одлуката на комисијата сите кандидати кои се пријавиле на двата Јавни огласи за вработување и да им ги врати сите документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата, согласно член 27 од Законот за работните односи.

- Советот едногласно одлучи за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка - стока: Честитки и пакетчиња по повод Новата 2013 година.

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, изнесуваат 76.270,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализацијата на договорот за јавна набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Ружица Б. Јотевска - претседател на Комисијата, со заменик Владимир Ѓорѓиески;
- Луција Ѓурковиќ - член, со заменик Катерина Митре и
- Билјана Парлеева - член, со заменик Симе Златески.

**Бр. 02-5947/14**
**08.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**

**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил/одобрил: Ружица Бошнакоска Јотевска*